**ОПШТИНА ШТИП**

Република Северна Македонија
Општина Штип
Број 09-6863/4
06.11.2024 година
Ш т и п

Врз основа точка 1 од Решението за распишување на Јавен оглас за добивање право за поставување типски објекти (урбана опрема) на утврдени локации на подрачје на Општина Штип и формирање и именување членови на комисија за спроведување на постапка, а во врска со Програмата за поставување на урбана опрема на територија на Општина Штип за 2024 година ("Службен гласник на Општина Штип" број 02/24), се распишува:

## ЈАВЕН ОГЛАС бр.04/2024
## ЗА ДОБИВАЊЕ ПРАВО ЗА ПОСТАВУВАЊЕ ТИПСКИ ОБЈЕКТИ (УРБАНА ОПРЕМА) НА ПОДРАЧЈЕ НА ОПШТИНА ШТИП

| нумерациј а на објектите | катастраска парцела (КП) | местоположба, улица и број | број на модули | вкупна површина во $м^2$ | координати |
|---|---|---|---|---|---|
| УО 71 Штип | На дел од КП 7515/1 КО Штип 5 | Ул."Маршал Тито" | 1 | 9 | Y= 7599759.38 X= 4622173.01 |
| УО 86 Штип | На дел од КП 7515/1 КО Штип 5 | Ул."Маршал Тито" | 1 | 9 | Y= 7599760.92 X= 4622170.21 |
| УО 96, УО 97 и УО 98 Штип | На дел од КП 2682/1 КО Штип 2 | Ул."Џемал Бједиќ" | 3 | 27 | Y= 7600349.05 X= 4623704.01 |

1. Општина Штип распишува Јавен оглас за добивање право за поставување типски објекти (урбана опрема) на следниве утврдени локации на подрачје на Општина Штип.
2. Висината за добивање право за поставување типски објекти (урбана опрема) на локациите во точка 1 е утврдена со Одлука на Совет на Општина Штип број 08-5870/1 од 19.09.2024 година и изнесува месечно по 300,00 денари по м2.
3. За добивање право за поставување урбана опрема, заинтересираните субјекти потребно е да достават:
   - Пријава;
   - Тековна состојба за регистрирана дејност за субјектот не постара од 6 ( шест) месеци; и
   - Изјава под кривична и морална одговорност заверена кај Нотар дека субјектот ги има подмирено обрврските кон Општина Штип по основ комунална такса (фирмарина, урбана опрема и јавно осветлување).

   Пријавата и останатата потребна документација субјектот треба да ја достави до архивата на Општина Штип, ул.Васил Главинов бр.4Б, 2000 Штип во затворен плик на кој пишува "Не отварај " со назнака: **Во врска со Јавен оглас за добивање право за поставување урбана опрема** во периодот од **07:30-15:30 часот**, а со субјектот кој прв ќе ја достави потребната документација ќе биде склучен договор.

4. Јавниот оглас за урбана опрема од точка 2 на ова Решение ќе трае 5 (пет) дена сметано од датумот на објавувањето.
5. Постапката за распишување на оглас ќе ја спроведе Комисијата за спроведување на постапка во состав од претседател и двајца членови и нивни заменици.
6. За претседател и членови на Комисијата се именуваат:
   Санела Петрова, претседател
   Маријана Зенделова, член
   Сања Мијалкова Судиклиева, член
   Ана Давиткова, заменик претседател
   Катерина Везенковска, заменик член
   Марија Герасимова заменик член
7. Комисијата е должна по завршувањето на огласот да изготви записник и предлог до градоначалникот за склучување на договор.
8. Со субјектот за кој ќе се утврди дека прв поднел пријава со прилог потребна документација предвидена во точка 2.2 од ова Решение до архивата на Општина Штип за некоја од утврдените локации во точка 2 ова Решение ќе се склучи договор со времетраење од 5 години, под услови предвидени во самиот договор.
9. На пријавата за добивање право за поставување на типски објекти (урбана опрема) која ќе ја достави субјектот до архивата на Општина Штип задолжително се наведува денот, часот и минутата кога се примени во архивата на Општина Штип.
10. Рокот за поднесување на пријавите е 5 дена од денот на објавување на огласот на веб страната на Општина Штип.

**Општината Штип**
**Градоначалник**
**Иван Јорданов**

*Изготвил:*
*Маријана Зенделова*
*Одобрил:*
*Секретар на Општина Штип:*
*Вишна Шорова-Ангелова*